# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА 2019




Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

# ЗА ЕСЕ

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка“ и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 5 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 13 |
| 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 18 |
| 4 | ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА | 22 |




# СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ

# 1

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 1.1.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНКА НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ

Во 2019 година ќе продолжиме да работиме со трите ромски граѓански организации (ИРИЗ, КХАМ и Романо Чачипе), кои со наша помош го спроведуваат интегрираниот пристап (социјална отченост и правно зајакнување) на полето на унапредување на здравјето на Ромите во четири општини  каде што работат. Јакнењето на нивните капацитети, а со тоа и вклучување на Ромската популација во процесите на планирање, спроведување и оценување на одредени здравствени права ќе го спроведеме преку обуки, консултации и менторство по однос: работа со ромската заедница (мапирање на заедницата и мобилизација); прибирање и анализа на податоци за здравствениот статус и состојба; обработка и анализа на податоци од процесот на мониторинг и анализа на буџети на локално ниво; обезбедување на параправна помош; подготовка и имплементација на локалните стратегии за застапување; како и континуиран мониторинг на нивната работа.

Покрај трите ромски граѓански организации, во 2019 година, ќе продолжиме со јакнење на капацитетите на четири граѓанските организации (Женски Форум од Тетово, Организација на жените на град Струмица, Граѓанска иницијатива на жените на општина Св. Николе и Младински културен центар од Битола) во однос на  спроведување на методологиите на социјална отчетност, а со цел унапредување на вработливоста и вработеноста на жените. Јакнењето на нивните капацитети ќе се состои од: континуирани обуки на персоналот на организациите (фацилитаторите и аниматорите); подготовка на насоки и материјали за нивната работа; поддршка во процесот на информирање и едукација на населението за нивните права за вработување; поддршка во процесот на прибирање и анализирање на податоци; поддршка во процесот на застапување на локално ниво и фацилитирање на процесот на застапување на национално ниво; како и континуиран мониторинг на нивната работа.

Напоредно со зајакнувањето на капацитетите на граѓанските организации со кои соработуваме во континуитет, во 2019 година ќе работиме на јакнење на капацитетите на граѓански организации од Македонија и регионот на Југоисточна Европа кои се заинтересирани да ги имплементираат методологиите на социјална отчетност во својата работа. Регионално ќе обезбедиме техничка поддршка на две граѓански организации од Романија (во Букурешт и Клуж) и една граѓанска организација од Бугарија (во Сливен) кои ја користат методологијата за мониторинг во заедницата за унапредување на пристапот до здравје за Ромите. Дома и во регионот ќе ги јакнеме капацитетите на граѓанските организации кои работат на програмите за намалување на штети од Македонија (ХОПС), Србија (Превент), Црна Гора (Јувентас) и Босна и Херцеговина (Маргина) преку обезбедување на менторска поддршка за користење на методологијата за буџетски мониторинг и застапување. Ваков вид на помош и поддршка ќе понудиме и на сите други организации кои се заинтересирани за користење на некој од пристапите на социјална отчетност.

# 1.2.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И ГО-и ВО КРЕИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ

Во насока на воведување на пракса на вклучување на граѓаните и ГО од страна на јавните институции, во 2019 година ќе работиме на јакнење на капацитетите на јавните институции за вклучување на граѓаните и граѓанските организации во креирање, спроведување и мониторинг на законската регулатива, буџети и услуги. Односно, ќе започнеме со јакнење на капацитетите на претставниците на Министерството за здравство и Агенцијата за вработување на РМ за примена на методологиите на социјална отчетност (мониторинг на заедницата и социјална ревизија) со цел вклучување на граѓаните во процесот на мониторинг на превентивните програми за здравствена заштита и активните мерки за вработување. Министерството за здравство, во 2019 година, донесе одлука за пилотирање на методологиите за социјална отчетност на Програмата за заштита на населението од ХИВ-СИДА во Република Македонија. Додека пак, Агенцијата за вработување на РМ оваа методологија ќе ја пилотира на минимум една активна

програма или пак мерка за вработување, од Оперативниот план за вработување за 2019 година, која ќе ја селектира во текот на првиот квартал од оваа година.

Во таа насока ќе спроведеме обука на претставници на Министерството за здравство и Агенцијата за вработување на РМ, кои се одговорни за подготовка и спроведување на овие програми, како и за претставници од граѓанските организации кои се вклучени во планирање и спроведување на истите. На обуката ќе присуствуваат и претставници на овие институции кои се одговорни за подготовка и спроведување на останати програми и мерки, со цел истите да се здобијат со знаења за методологиите и предностите од спроведување на истите. По спроведената обука, ќе биде подготвен план за спроведување на пилотирањето на методологијата, а пак во текот на процесот на пилотирање ЕСЕ ќе обезбеди техничка поддршка на претставниците на министерството и агенцијата, во насока на развивање на материјали за работа и спроведување на методологијата.

# 1.3.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ, МАЈКИ И ДЕЦА

Во однос на унапредување на здравјето и пристапот до превентивните здравствени услуги за жените, мајките и децата, ЕСЕ во 2019 година, ќе продолжи со спроведување на мониторинг и анализа на целокупниот буџет наменет за унапредување на женското репродуктивно здравје преку анализа на јавно достапните информации и преку поднесување на барања за пристап до информации од јавен карактер. Исто така, ЕСЕ ќе спроведеме мониторинг и анализа на две превентивни програми и тоа: Програмата за рана детекција на малигни заболувања (компонентите за скрининг на рак на грло на матка и скрининг на рак на дојка) и Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, во однос на реализацијата на активностите и буџетот од Програмите. Воедно, ќе продолжиме со мониторинг на состојбата за опфатот на жените со гинеколошка здравствена заштита на примарно ниво (здравствените услуги кај матичен гинеколог) како и со проблемите и пречките со кои се соочуваат жените при користењето на овие услуги.

Наодите од мониторингот ќе послужат за утврдување на состојбите и давање на препораки за унапредување на пристапот на жените до овие здравствени услуги.

Во однос на работата поврзана со следење на индикаторите за перинатална и доенечка смртност, во 2019 година ќе ја финализираме анализа на состојбите со цел утврдување на причините за трендот на порастот на овие индикатори во изминатите пет години. Врз основа на наодите работната група која работеше на подготовка на оваа анализа ќе подготви препораки за унапредување на состојбите, односно унапредување на здравјето на мајките и децата на локално и национално ниво. Препораките ќе бидат претставени пред јавноста и ќе бидат доставени до сите релевантни институции на национално и локално ниво.

Во 2019 година во рамките на канцеларијата на ЕСЕ ќе продолжи со работа Женскиот здравствен информативен центар преку кој ќе продолжиме да обезбедуваме бесплатни здравствени информации и совети од областите поврзани со женското здравје, вклучувајќи го репродуктивното и сексуалното здравје, менопауза и остеопороза.

# 1.4.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО И ПРИСТАПОТ КОН ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА РОМИ

На полето на унапредување на здравјето и пристапот до здравствените услуги за ромското население во 2019 година ЕСЕ ќе продолжи да соработува со трите партнерски ромски организации. Односно, ќе прибираме податоци од самите ромски заедници по однос на опфатот на мајките и децата од ромската заедница со активностите предвидени во Програмите на Министерството за здравство (Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите), како и опфатот со превентивната здравствена заштита (патронажни посети, здравствена едукација, вакцинација и слично). Исто така, ќе вршиме мониторинг за опфатот на жените Ромки со активностите предвидени со Програмата за рана детекција на малигни заболување (компонентите за скрининг на рак на грло на матка и скрининг на рак

на дојка), како и за опфатот на жените Ромки со гинеколошка здравствена заштита на примарно ниво. За таа цел ЕСЕ ќе го унапреди и дополни прашалникот за влез во ромските домаќинства, кои потоа ромските партнерски организации ќе го спроведат на терен. На овој начин ќе ги утврдиме состојбите и ќе ја запознаеме заедницата со состојбите по однос на реализацијата на нивните здравствени права за превентивна здравствена заштита. Заедно со заедница ќе подготвиме препораки за унапредување на состојбите и активно ќе ја вклучиме во застапувањето за унапредување на состојбите.

Во рамките на активностите поврзани со следење на индикаторите за доенечка, перинатална и матернална смртност, преку работата на експертската работна група (опишана во точка 1.3.) посебен дел од работата ќе биде посветена по однос на состојбите во ромската заедница. Исто така, ќе бидат дадени посебни препораки за потребни мерки и активности за унапредување на состојбите кај ромската заедница.

# 1.5.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ НА ЖЕНИТЕ ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД

Во 2019 година во партнерство со Акција Здруженска и во соработка со Граѓанската иницијатива на жените на град Св. Николе, Женски Форум од Тетово, Организација на жените на град Струмица и Младинскиот Културен Центар од Битола, ќе продолжиме да спроведеме континуиран мониторинг на имплементација на активностите и трошењето на буџетските средства од годишните оперативни планови на Агенцијата за вработување на РМ со фокус на три компоненти (самовработување, субвенционирано вработување и услуги за вработување) на национално и локално ниво. Со цел да ги утврдиме проблемите и да предложиме мерки за унапредување на состојбите во 2019 година ќе соработуваме и со релевантни експерти на ова поле.

Мониторингот на политиките, вклучувајќи ги и оперативните планови за вработување на национално и на локално ниво ќе го вршиме преку прибирање и анализа на податоци од надлежните агенции и министерства, користејќи јавно достапни документите и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Наодите од спроведениот мониторинг на политиките за вработување за

периодот од 2014 до 2017 година, оваа година ќе бидат надополнети со наоди за спроведувањето на истите во 2018 година.

Покрај следењето на спроведувањето на политиките за вработување, ЕСЕ и оваа година ќе продолжи со јакнење на капацитетите на граѓаните за нивното право за вработување, преку спроведување на активности за мапирање на заедницата, едукативни работилници, посети на домаќинствата за информирање, организирање на средни за валидација итн. Дополнително, ЕСЕ во партнерство со локалните граѓански организации ќе работи и на мобилизација на граѓаните за нивно вклучување во процесот на донесување на одлуки од оваа област на локално и национално ниво. Оваа година, ќе го зголемиме бројот на граѓани и локации кои ќе бидат вклучени во активностите од сегашните 882 граѓани од 11 населени места на 1.600 граѓани од најмалку 15 населени места.

По направените анализи ќе подготвиме детални извештаи, а добиените наоди ќе ги користиме за застапување пред надлежните институции, пред сè Агенцијата за вработување, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии со цел поголем и соодветен опфат на граѓаните со мерките за самовработување, субвенционирано вработување и услугите на Агенцијата за вработување предвидени со оперативните планови. Воедно, континуирано ќе ги информираме граѓанските организации и јавноста во однос на наодите од мониторингот.

# 1.6.

## НУДЕЊЕ НА СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА ЗА НЕПЛАТЕНАТА РАБОТА ЗА НЕГА НА ТЕШКО БОЛНИ ЛИЦА

Во 2018 година ЕСЕ подготви нацрт - анализа заснована на податоците собрани преку истражувањето на национално ниво. Во 2019 година оваа нацрт – анализа ќе ја финализираме и ќе подготвиме извештај од истражувањето кој ќе даде приказ за обемот и влијанието на неплатена работа за нега на тешко болни лица во домаќинствата на национално ниво. Врз основа на наодите и подготвениот извештај ќе подготвиме предлог мерки за унапредување на состојбите за семејствата и поединците кои обезбедуваат нега за тешко болни лица во домаќинствата и истите ќе ги презентираме и доставиме до надлежните ресорни

министерства (Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство) како и до сите релевантни институции, граѓански организации и до пошироката јавност.

# 2

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 2.1.

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ПРАВОСУДСТВОТО ЗА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА

Во 2019 година ќе работиме на зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и правосудството за примена на методологијата за мерење на трошоците и квалитетот на пристап до правда, заснована на перспективата на крајните корисници на пристапот до правда. За таа цел, во текот на оваа година ќе продолжиме да работиме на прибирање и анализа на податоци со цел утврдување на трошоците и придобивките од обезбедување на различните модалитети на правна помош, бесплатна правна помош и параправна помош, вклучувајќи ги и трошоците кои лицата кои остваруваат правда ги направиле од настанување до разрешување на правниот проблем. Во текот на 2019 година ќе ги утврдиме и можностите за поголемо искористување на сиромашкото право од страна на ранливите групи на граѓани. Паралелно, со корисничките на Центарот за правна помош при ЕСЕ ќе преземеме подготвителни активности за развивање на индекс за пристап до правда за жените кои претрпеле семејно насилство и побарале заштита во рамки на граѓанскиот и кривичниот систем за заштита. Со спроведување на планираните активности придонесуваме не само за подобрување на различни аспекти на пристапот до правда, туку и за зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и органите на правосудство во однос на систематско прибирање и анализа на податоци и идентификување на потребните ресурси за оваа потреба.

Континуираната едукација, односно зајакнувањето на знаењата и вештините на параправниците кои обезбедуваат помош и поддршка на ранливите групи на граѓани е една од стратешките определби на ЕСЕ. Во текот на оваа година ќе бидат подготвени материјали и спроведени две обуки за 35 параправници кои работат во ГО ИРИЗ, Романо Чачипе, КХАМ, ХОПС, ХЕРА и Хелсиншки комитет за човекови права.

Заради унапредување на пристапот до правда за Ромите, во текот на 2019 година ЕСЕ ќе обезбеди јакнење на капацитетите и техничка поддршка за примена на

методологиите за социјална отчетност и правно зајакнување за организацијата Сонце од Тетово. Ќе подготвиме програма за обука со релевантни материјали и ќе организираме две обуки за јакнење на знаењата и вештините на претставници на ГО и медијаторите кои соработуваат со оваа организација, како и една работилница за потребата од правно зајакнување за претставниците на ЕЛС во чии рамки Сонце спроведува активности.

# 2.2.

## ПРОМОВИРАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФОРМАЛНИ И НЕФОРМАЛНИ НАЧИНИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРАВНИТЕ ПОТРЕБИ НА ГРАЃАНИТЕ

Во 2019 година ЕСЕ како партнер на Коалиција Маргини ќе продолжи да го промовира владеењето на правото на национално и меѓународно ниво и обезбедување на еднаков пристап до правдата за сите, како една од Целите за одржлив развој на Обединетите Нации. Врз основа на утврдената листа на индикатори ќе продолжиме со собирањето на податоци од надлежните институции и граѓански организации со цел утврдување на степенот на имплементација на оваа развојна цел во нашата држава. Во оваа насока, заедно со граѓанските организации кои работат на пристап до правда ќе работиме на унифицирање на начинот на собирање на податоци за ранливите групи на граѓани. На почеток на 2019 ќе ја организираме втората конференција за пристап до правда, на која ќе учествуваат претставници на релевантните министерства и институции, граѓански и меѓународни организации. Со цел запознавање и подигнување на свесноста на пошироката јавност за значењето на прашањата на владеење на правото и пристап до правда ќе: соработуваме со Министерството за правда, ќе спроведеме кампања на социјалните мрежи, подготвиме и печатиме материјали и инфографици и ќе настојуваме да ги здружиме силите со останатите ГО кои работат на следење и спроведување на одржливите цели. Промовирајќи ја оваа Цел за одржлив развој настојуваме да го потенцираме местото и улогата на формалните и неформалните начини на решавање на правните проблеми на ранливите групи на граѓани.

Со цел унапредување на пристапот до правда за Ромите, во 2019 година ќе продолжиме да ја обезбедуваме потребната техничка помош и поддршка на три

Ромски организации за обезбедување на параправна помош во локалните ромски заедници во Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница.

Во 2019 година ќе продолжиме со прибирање и анализа на податоци во врска со трошоците и придобивките на различните неформални начини на разрешување на правните проблеми на ранливите групи со тоа градејќи докази за потребата од постоење на овие неформални начини (правна помош, бесплатна правна помош и параправна помош од страна на ГО) и за нивна идна евентуална институционализација. Центарот за правна помош на ЕСЕ и во 2019 година ќе продолжи редовна да прибира податоци за трошоците кои жените кои претрпеле насилство ги направиле од започнување па се до разрешување на правниот проблем. Односно, дали трошоците кои паѓаат на товар на жените претставуваат пречка во остварување на пристапот до правда и кои се можните начини за нејзино надминување.

## 2.3. ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ НАСИЛСТВО

Здружението ЕСЕ во континуитет го следи реализирањето на женските човекови права согласно на меѓународните стандарди и обврски кои државата ги има преземено. Во текот на 2019 година ќе работиме на подготовката на паралелен извештај и ќе го следиме имплементирањето на заклучните препораки на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминацијата врз жените на ОН, упатени кон нашата држава во 2018 година.

Во текот на 2019 година ќе ја промовираме Конвенцијата на Советот на Европа против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска Конвенција) која неодамна беше ратификувана од нашата држава, со цел афирмирање на меѓународните стандарди за заштита на жените жртви на насилство. Во оваа насока, ќе го следиме имплементирањето на конвенцијата и ќе работиме на јакнење на знаењата на институциите и правосудството за практична примена на одредбите од Истанбулска конвенција при нивното постапување.

Во текот на 2019 година ќе продолжиме да го спроведуваме процесот на судско набљудување на граѓански и кривични судски предмети поврзани со семејно насилство во следните судови: Основен суд Скопје 1, Основен суд Скопје 2, Основен суд Битола, Основен суд Тетово, Основен суд Велес, Основен суд Штип, Основен суд Радовиш, Основен суд Гостивар, Основен суд Куманово и Основен суд Прилеп. Со овој циклус на судско набљудување ќе бидат опфатени вкупно 354 граѓански и кривични судски рочишта поврзани со семејното насилство, по што ЕСЕ ќе организира прес конференција и ќе ја информира општата и стручна јавност за главните наоди од процесот на судско набљудување.

Воедно, во текот на 2019 година ќе ја интензивираме соработката со основните судови преку подготовка и спроведување на план за застапување, со цел забрзување на суштинските реформи во граѓанскиот и кривичниот систем за заштита од семејно насилство. Заедно со судиите, пред надлежните институции ќе застапуваме за поголема примена на правилата за постапување на судиите во граѓанските судски постапки за изрекување на привремени мерки за заштита. Паралелно, ќе ја промовираме продлабочената анализа на кривичните судски предмети поврзани со семејно насилство и ќе застапуваме за усвојување на предложените измени и дополнувања на кривичното законодавство. Ќе подготвиме и промовираме и видеа со жените кои претрпеле семејно насилство, со цел согледување на нивното искуство и афирмирање на нивните права и потреби пред носителите на одлуки и општата јавност.

ЕСЕ во континуитет од 2002 година обезбедува директна поддршка за жените кои претрпеле насилство, односно бесплатна правна помош и психолошко советување. Во 2019 година ќе обезбедиме бесплатна правна помош за околу 200 жени, како и психолошко советување за 30 жени кои претрпеле семејно насилство. Паралелно, ќе обезбедиме и бесплатно судско застапување за одреден број на предмети на жените кои претрпеле семејно насилство. Со цел обезбедување на одржливост на ЦПП, во текот на оваа година ќе преземеме и конкретни активности за прибирање на средства.

# 3

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА



# 3.1.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСНОСТ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ПОТРЕБАТА ОД БУЏЕТИРАЊЕ ЗАСНОВАНО НА ПРИОРИТЕТИ

Во 2019 година, како и во изминатите осум години, ЕСЕ ќе работи на зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност и потребата од буџетирање засновано на приоритети. Односно, во 2019 година ќе работиме на зголемување на јавната свесност за важноста и потребата од транспарентност и отчетност во работењето на јавните институции од областа на фискалното работење, како и на унапредување на пристапот до фискални податоци преку обезбедување на информации и едукативни материјали кои се однесуваат на фискалната транспарентност, фискалното работење на јавните институции и потребата од буџетирање базирано на приоритети и партиципативност. Ваквиот пристап ќе овозможи континуитет и надградување на досегашното работење на ЕСЕ во оваа област во насока на унапредување на капацитетите на граѓаните да ги разберат и активно да ги уживаат своите права за пристап до информации од јавен карактер, да го разберат функционирањето на јавниот систем во РМ, да ги разберат и лесно следат информациите кои јавниот систем во РМ ги продуцира и активно да делуваат во насока на повикување на политичките избраници на отчетност во своето работење. За оваа цел ќе ја одржуваме и ажурираме тематската интернет страница www.fiskalnatransparentnost.org.mk. Ќе спроведеме јавна кампања под назив "Фискална Транспарентност Македонија" на социјалните медиуми и ќе подготвиме неколку едукативни видеа. Во текот на 2019 година, во рамки на иницијативата за Отворено владино партнерство, ЕСЕ во соработка со Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе спроведе најмалку седум средби со граѓани за нивно информирање за правото за правото за пристап до информации од јавен карактер.

# 3.2.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Здружението ЕСЕ, како и во изминатите пет години, и во текот на 2019 година ќе продолжи во континуитет да го следи и оценува нивото на реактивна транспарентност, односно ќе го мери степенот на почитување на обврските кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на најмалку 80 јавни институции во РМ (Владата на РМ, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер; Агенција за вработување, Агенцијата за странски инвестиции, Секретаријатот за европски прашања; 32 здравствени домови; 10 центри за јавно здравје, Институтот за јавно здравје и други јавни институции). Нивото на реактивна транспарентност, ЕСЕ, ќе го оценува врз основа на активно користење на воспоставените механизми за пристап до информации од јавен карактер (преку поднесување на најмалку 1.000 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и користење на механизмите за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер).

Во 2019 година, покрај нивото на реактивна транспарентност, ќе го оценуваме и нивото на проактивност на 25 јавни институции (Влада на РМ, Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за надворешни работи, Министерство за култура, Министерство за внатрешни работи, општините Делчево, Шуто Оризари, Виница, и Пехчево, центрите за јавно здравје Скопје и Кочани, Здравствен дом Скопје, итн.) во споделувањето, односно објавувањето на 16 клучни буџетски и програмски документи (буџетски календар, предлог и усвоен буџет, предлог и усвоени измени и дополнувања на буџетот, предлог и усвоена завршна сметка, годишни програми за работа, стратешки планови, извештаи од овластен државен ревизор, итн.) на своите интернет страници.

Дополнително, во 2019 година, ќе продолжиме со континуиран годишен мониторинг на постапките за јавни набавки водени од страна на јавните здравствени институции во насока на утврдување на недостатоците во системот на јавни набавки во областа на здравството и давање на препораки за унапредување на нивото на транспарентност во овие постапки во јавниот здравствен сектор. Односно, максимирање на економичноста, ефикасноста и ефективноста во водењето на постапките за јавни набавки; максимирање на квалитетот на услугите што се обезбедуваат од страна на овие институции; максимирање на ефектите од користењето на парите на граѓаните за обезбедување на јавните здравствени услуги и олеснување на пристапот на граѓаните до здравствена заштита. Преку мониторингот на постапките за јавни набавки, оваа година, ќе бидат следени и оценувани постапките кои 62 јавни здравствени институции ги спровеле во 2018 година.

# 3.3.

## ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА НИВОТО НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во текот на 2019 година преку организирање на состаноци со одговорните лица од јавните институции од РМ, организирање на јавни настани и дебати, соработка со новинари, учество во работни групи за Отворено владино партнерство, подготовка и презентирање на извештаи во сенка кон национални и меѓународни тела, учество во меѓународни процеси и создавање на меѓународен притисок; учество во меѓународни мрежи и соработка со национални, регионални и меѓународни организации; итн. ќе ги истакнуваме клучните недостатоци во работењето на јавниот систем од аспект на фискалната транспарентност и ќе предлагаме конкретни решенија за нивно надминување. Меѓу другото, во 2019 година ќе го следиме и начинот на постапување на јавните институции по однос на усвоените препораки предложени од страна на ЕСЕ во текот на 2018 година.

# ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ 2018 – ДЕКЕМВРИ 2018



## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ПО СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА 2019 ГОДИНА

| Приходи по стратешки приоритети | износ во МКД |
|---|---|
| **Стратешки приоритет # 1**<br>Вклучување на граѓаните во процесите на планирање, спроведување и оценување на законската регулатива, буџети и услуги во областите на социјални и економски права | 13,542,728 |
| **Стратешки приоритет # 2**<br>Обезбедување на еднаков пристап до правда во областите на социјални и економски права | 5,236,504 |
| **Стратешки приоритет # 3**<br>Унапредување на фискалната транспарентност на институциите од областа на социјалните и економски права | 324,479 |
| **Вкупно** | **19,103,711** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ПО СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА 2019 ГОДИНА

| Расходи по стратешки приоритети | износ во МКД |
|---|---|
| **Стратешки приоритет # 1**<br>Вклучување на граѓаните во процесите на планирање, спроведување и оценување на законската регулатива, буџети и услуги во областите на социјални и економски права | 13,542,728 |
| **Стратешки приоритет # 2**<br>Обезбедување на еднаков пристап до правда во областите на социјални и економски права | 5,236,504 |
| **Стратешки приоритет # 3**<br>Унапредување на фискалната транспарентност на институциите од областа на социјалните и економски права | 324,479 |
| **Вкупно** | **19,103,711** |

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

**www.esem.org.mk**